Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје

# МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

## МЕЃУНАРОДЕН САЕМ

Машинскиот факултет - Скопје учествуваше на меѓународниот саем за ладилна техника, климатизација и топлински пумпи во Нирнберг - Германија од 13 до 15.10.2010. На сопствен штанд беа презентирани компјутерски програми од соодветната област. Машинскиот факултет е претставен во саемскиот каталог на неколку места, како и не веб страницата www.chillventa.de.




Ова е наше девето учество последниве 16 години, и претставува квалитетна афирмација на нашиот факултет и на Република Македонија.

## ПОСЕТА

На 6.10.2010 Машинскиот Факултет го посети делегација од Агенцијата за странски инвестиции во Република Македонија и компанијата КЕМЕТ. КЕМЕТ (www.kemet.com) е американска компанија која работи на производство на кондензатори и други електронски компоненти кои наоѓаат примена во најразлични индустрии, автомобилска, машинска, воена, медицинска, електронски производи, телекомуникации. Седиштето на компанијата се наоѓа во Јужна Каролина, САД, но поседуваат производствени капацитети и во Мексико, Кина, Италија, Англија, Финска, Шведска, Португалија, Индонезија, Германија и Бугарија, како и два центри за истражување и иновации во САД и еден во Германија. Компанијата брои 10.900 вработени, а продажбата за 2009 година изнесува 804 милиони$. Интересот за Македонија се однесува на отварање на производствен погон во Технолошко-развојната индустриска зона Скопје1. Претставници на компанијата ја имаат посетено Македонија веќе неколкупати претходно и ова треба да биде последна посета од која зависи и донесувањето на финална одлука. Главен акцент за време на посетата беше ставен на посета и средби со техничките факултети со цел да се разговара за наставните програми, достапноста на квалификувани кадри и можности за соработка со факултетите.

## ПОСЕТА

На 5 Октомври 2010 година во работна посета на Машинскиот факултет беше г-динот Рино Тароли, генерален менаџер за OFF-HIGHWAY PRODUCTS GROUP за Европа од компанијата DANA, светски лидер за производство на осовини, рамови, оски, заптивни и терморегулаторни продукти и оригинални резервни делови. Компанијата е главен добавувач на сите светски производители на автомобили и други комерцијални возила. При посетата беа презентирани активностите на Факултетот, наставните програми и активностите на студентите како и можностите за поддршка на нивнита идни инвестициски активности во земјава.

## ТЕРЕНСКА НАСТАВА

Во периодот 29.09 – 02.10.2010 студентите од насоките Мехатроника, Производно инженерство, Производна информатика и Индустриско инженерство и менаџмент беа во посета на Техничкиот саем во Пловдив, Техничкиот универзитет во Софија и компанијата SPESIMA.



Сите информации да се доставуваат кај секретарката на деканот, Весна Филиповска, тел. 3099-200, или по e-mail dekanat@mf.ukim.edu.mk

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец октомври 2010 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Зоран Пандилов во период од 6 - 21 октомври 2010 година оствари студиски престој на Институтот за мехатроника во Виена, Австрија, презентација на резултати од научно - истражувачки проекти и воспоставување поблиска научно едукативна соработка.
2. Проф. д-р Роберт Миновски во период од 29 септември до 2 октомври 2010 година учествуваше на работниот состанок со колегите од Машинскиот факултет во Нови Сад, Р.Србија во врска со активностите на ТЕМПУС проектот EFT-SM-00013-2008 година.
3. Проф. д-р Атанас Кочов во рамки на активностите поврзани со проектот почисто производство, реализира службено патувања во Австрија од 4 - 7 октомври 2010 година.
4. Проф. д-р Глигорче Вртаноски зема учество на конференцијата за интелектуална сопственост одржана во Унгарија во период од 26 - 20 октомври 2010 година.
5. Проф. д-р Ристо Цицонков во период од 12 до 15 октомври 2010 година приссутвуваше на меѓународниот саем CHILLVENTA одржан во Нирнберг, Германија.
6. Доц. д-р Дарко Данев оствари службено патување во Кина од 15 до 20 октомври 2010 година преземено како обврска од меморандумот за соработка со ЈСП - Скопје и службено патување во Израел каде што учествуваше на меѓународна конференција од програмата ЕУРЕКА одржана од 25 до 28 октомври 2010 година.
7. Проф. д-р Алекса Малчески заради учество на Меѓународната конференција за математички натпревари оствари службено патување во Грузија во период од 13-17 октомври 2010 година.
8. Проф. д-р Лазе Трајковски оствари службено патување во Р. Чешка од 23-27 октомври 2010 година заради посета на повеќе институции од обласна на неговото стручно и научното работење.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**23.11.2010**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**25.11.2010**
**25 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.
Иван Поп Тонев, дипл. ел. инж

**Година 2010, октомври, број 94**

***ФАКУЛТЕТСКИ***

***ИНФОРМАТОР***

## ЕКСКУРЗИЈА

Во одлично расположение пројде годинешната екскурзија организирана од Машински факултет. Вработените на МФС оваа година беа на посета на винариите на "Попова Кула" во Демир Капија и "Тиквеш" во Неготино, каде што беа во можност да го видат процесот на производство на вино, а потоа да пробаат одбрани вина од производителите.

